Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 9

19.06.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ОДЛУКАТА за продолжување на работното време на угостителските објекти**

1. Ја објавувам Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар, донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 19.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-605/1 Општина Демир Хисар**
**19.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот на угостителска дејност („Службен весник на РМ” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ” бр. 31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), како и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 19.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работно време на угостителските објекти**

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Член 2

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 1 (еден) час, до 02:00 часот за деновите: 21.06.2024, 12.07.2024, 19.07.2024, 20.07.2024, 09.08.2024 и 10.08.2024 година.

Член 3

Продолжувањето на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Демир Хисар е како потреба на туристичката сезона во летниот период.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во

Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-601/2 Совет на Општина Демир Хисар
19.06.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

---------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за продолжување на работно време угостителските објекти-------------------------- 1

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**